# РЕГИСТАР НА ПРАВНИ ПОИМИ

## А

**Адвокатура** е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

**Адвокатска тарифа** Акт за определување на висината на наградата и трошоците за дадена правна помош за адвокатот.

## В

**Веродостојна исправа** е јавна исправа, приватна исправа, меница и чекови, извод од заверени деловни книги, фактура, односно сметка.

**Возило** е секое превозно средство наменето за движење по пат, освен подвижните столови без мотор за немоќни лица и детските превозни средства.

**Вонсудската наплата на долгови** обид за наплата на парично побарување по фактури за комунални сметки *(електрична енергија, топлинска енергија, вода, смет, телефонија, мобилни оператори, кабелски оператори, трошоци за редовно одржување на заедничките делови на зградата што е во етажна сопственост)*, што го спроведува извршител по барање на доверителот, со согласност на должникот.

## Д

**Данок** јавен приход на државата.

**Данок на промет на недвижност** давачка за извршен пренос на недвижност со надомест.
Обврска за плаќање на данокот за промет на недвижност ја има продавачот, освен ако продавачот и купувачот не се договориле поинаку.

**Доверител** физичко или правно лице кое врз основ на облигационен однос има право да бара од должникот да даде, стори, нестори и/или трпи во негова корист.

**Договор** согласност изјавена во писмена или усна форма помеѓу две или повеќе договорни страни, за уредување нивните меѓусебни права, обврски и одговорности.

**Договор за купопродажба (на недвижност)** продавачот се обврзува предметот што го продава да му го предаде на купувачот така што купувачот да стекне право на сопственост, а купувачот се обврзува да му ја плати на продавачот цената. Договорот за продажба на недвижни предмети мора да биде склучен во писмена форма, заверен кај Нотар.

**Долг** обврска на должникот во облигационен однос, да даде, стори, нестори и/или трпи во корист на доверителот.

**Должник** е физичко или правно лице кое врз основ на облигационен однос има обврска да даде, стори, нестори и/или трпи во корист на доверителот.

## З

**Залог** средство за обезбедување на парични и друг вид на побарувања, чија вредност е изразлива во пари.
Правото на залог може да се стекне врз основ на договор (договорно заложно право), судска одлука (судско заложно право) и закон (законско заложно право), на начин утврден со закон.

**Заложен доверител** е физичко или правно лице чие побарување е обезбедено со залог, со право да се намири од заложениот предмет ако обезбеденото побарување не е исполнето по рокот на неговата пристигнатост.

## И

**Извршител** лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон, именувани/назначени согласно со закон и кои директно одлучуваат за дејствијата што треба да се преземат во рамките на нивните овластувања, за да се спроведе извршната исправа и да ги преземат извршните дејствија.

**Имот** права, предмети и пари.

**Имотен лист** јавна исправа со која се докажува запишаното право на сопственост и други стварни права на недвижност, согласно со закон.

**Исправа** изјава на волја или мисла на некое лице, фиксирана во форма на писмен запис, што содржи некаков факт од значење на правните односи и на кое е означен нејзиниот издавач. Исправите според тоа кој ги издал се делат на јавни и приватни исправи.

## Ј

**Јавна исправа** исправа издадена од надлежен орган, организација или од лице кое врши јавен интерес врз основ на закон или друг пропис заоснован на закон.

**Јавна книга и Регистри се** Катастар на недвижности, Централен депозитар за хартии од вредност, Централен регистар на Република Македонија - Заложен регистар, Централен регистар на Република Македонија - Регистар на вложувања во недвижности на нерезиденти во Република Македонија, Регистар на воздухоплови на Република Македонија, Единствен регистар на даночни обврзници, Евидентен регистар за стечај, Судски регистар, Трговски регистар, Единствен регистар на трансакциски сметки, Регистар на моторни и приклучни возила и евиденција на регистрираните моторни и приклучни возила, матична книга на умрени, матична книга на венчани, матична книга на родени, Регистар на трговски марки и другите права од индустриска сопственост и други регистри востановени со закон.

## К

**Катастар на недвижностите** јавна книга во која се врши запишување на правото на сопственост и на другите стварни права на недвижностите, на податоците за недвижностите, како и на други права и факти чие запишување е утврдено со закон и е во надлежност на Агенцијата за катастар на недвижности на РМ.

## Н

**Недвижен имот** се земјишта (земјоделски, градежни, шумски и пасишта) и зградите - станбени згради или станови, деловни згради и деловни простории, административни згради и административни простории, згради и станови за одмор и рекреација и други градежни објекти, како и инсталациите подигнати врз нив или под нив и трајно споени со нив.

**Нотар** лице што врши јавни овластувања утврдени со закон, именувано од Министерството за правда, кое нотарската служба ја врши како единствено професионално занимање.

**Нотарска служба** опфаќа составување и издавање на јавни исправи за правните работи во форма на нотарски акт, изјави и потврди за факти врз основа на кои се востановуваат права или обврски, донесување решенија во постапка за издавање на нотарски платни налози, потврдување на приватни исправи (солемнизација), издавање на потврди, заверка на потпис и ракознак, на препис, на превод, примање на чување на исправи, на пари и на предмети од вредност заради нивно предавање на други лица или органи, како и вршење на доверени работи определени со закон.

**Нотарски платен налог)** е постапка уредена со закон која се води пред Нотар, за донесување на Решение за дозвола за извршување на побарувања на доверителот врз основ на веродостојна исправа.

## П

**Пазарна вредност на недвижниот имот** вредноста на имотот која може да се постигне во слободниот промет.

**Побарување** право на наплата на паричен износ или право на некое сторување или несторување или трпење.

**Подвижни предмети** се оние кои во целост можат да се движат или поместуваат од едно место на друго, а притоа да не се оштети нивната суштина. Предметите кои според својата природа се подвижни можат да се сметаат во правна смисла за недвижни доколку се припадоци на одреден недвижен предмет или доколку законот ги изедначува со недвижните предмети *(на пр. авионите и бродовите се сметаат за недвижни предмети според закон).*

**Правно лице** субјект на правото кој е основано согласно закон од страна на група на лица кои се здружиле со цел да остварат заеднички и дозволен интерес.

**Преддоговор** договор за преземање на обврска да се склучи подоцна друг, главен договор и обврзува само ако ги содржи основните (суштествените) елементи на главниот договор.

## Р

**Рачен залог** средство за обезбедување на побарување, воспоставено врз основа на Договор за заложување на подвижни предмети, хартии од вредност и други права.

## С

**Сообраќана дозвола** услов за учество во сообраќајот на патиштата, која ја издава, односно продолжува Министерството за внатрешни работи со рок на важење до 1 година.

**Сосопственост** е право на сопственост на повеќе лица на неподелен недвижен имот на кој делот на секој од нив е определен сразмерно според целината (идеален, сосопственички дел)

**Солемнизација** потврда кај нотар на документ/исправа за одредена правна работа. Солемнизираниот документ има својство на јавна исправа.

**Судска такса** давачка за преземање на дејствија пред судовите во РМ утврдена/и со Законот за судска такса на РМ.

## Т

**Такса** паричен еквивалент како противвредност за услугата/те кои ги дава Државата и нејзините институциите.

## Х

**Хипотека** средство за обезбедување на побарување, воспоставено со договор за заложување на недвижни предмети (договор за хипотека) кое се запишува во јавните книги на начин и под услови определени со закон.

## Ц

**Централен регистар** централна информативна база на правни и друг вид на релевантни податоци податоци, кои согласно со закон се внесуваат во него.
Централниот регистар има својство на правно лице, со седиште во Скопје.